ЈУОДГ
**МАЈСКИ ЦВЕТ**
-Карпош, Скопје

# НАВРЕМЕНО ПРИСТИГНУВАЊЕ ВО ГРАДИНКАТА

**ПРИЕМ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКАТА Е ДО 8:15 ЧАСОТ!**

Зошто децата треба да бидат во градинка до 8:15?

Навременото доаѓање им овозможува на децата да имаат доволно време за соодветна емоционална подготвеност за активностите што следат во текот на денот.

Имаат време со висок степен на самостојност да се вклучат во подготовките за појадокот.

Децата што доаѓаат рано во градинка полесно го прифаќаат дневниот ред, особено попладневниот одмор.

**ВЕ МОЛИМЕ:**

Почитувајте го куќниот ред во градинката.

Почитувајте ги развојните потреби на децата (станувајте наутро порано за да се подготвите за во градинка, дозволете им на вашите деца да имаат доволно време за подготовка за утринските активности).

Во градинката се изведуваат воспитно-образовни активности, за кои е потребно сите деца во одреден период од денот да бидат дел од активностите во групата.

Со почитување на нашиот ред, го учите детето на обврските што ќе следат во неговиот живот.

Ви благодариме за разбирањето и соработката!

